студентско
# ехо




БРОЈ 33, АВГУСТ 2026
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК




## СОДРЖИНА:

ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА УСВОИ НОВ ЕТИЧКИ КОДЕКС

ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ПО ТРЕТИ ПАТ СЕ СПАСИ ОД СТАВАЊЕ НА "ЦРНАТА ЛИСТАТА" НА УНЕСКО

ИНТЕРВЈУ: ПРОФ. ЕЛЕНА МАКСИМОВА ОД ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРЕСТОЈУВАШЕ ВО САД

ДОШНИЦА 2026: КОГА РЕКАТА СТАНУВА ЛИНИЈА НА ОТПОРОТ

ПОЛИТИЗАЦИЈА НА СВЕТСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ - ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА САД, ДОНАЛД ТРАМП ИЗВРШИ ПРИТИСОК НА ФИФА ЗА УКИНУВАЊЕ НА СУСПЕНЗИЈА НА ФУДБАЛЕР НА САД

ТОПЛОТНИ БРАНОВИ ЈА ПАРАЛИЗИРАА ЕВРОПА

ШТРКОВИТЕ НЕИСЦРПНА ТЕМА И ИНСПИРАЦИЈА - ВО ОПШТИНАТА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ПОКРЕНАТА Е ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОСНОВАЊЕ ЦЕНТАР ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ШТРКОВИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

ВОДОСТОЈОТ НА РЕКИТЕ ВО ЕВРОПА НА РЕКОРДНО НИСКО НИВО

CHATGPT – НОВАТА АЛАТКА ШТО ГО МЕНУВА НАЧИНОТ НА УЧЕЊЕ

БЕЛАСИЦА СО НОВА ТУРИСТИЧКА ПРИКАЗНА – ШТО СЕ ПОДГОТВУВА ЗА ВОДОПАДИТЕ И МОКРИНСКИТЕ ИЗВОРИ?

СВЕТСКИ ФИЛМСКИ ПРИКАЗНИ ПОД СТРУМИЧКОТО НЕБО-ЗАВРШИ 21. "АСТЕРФЕСТ"

ПОД БЕЛАСИЦА СЕ ЖИВЕЕ ОД ПРИРОДАТА – ПРИКАЗНА ЗА СЕМЕЈСТВАТА ОД СМОЛАРЕ

ФУДБАЛ НА „СКРОЛАЊЕ": КАКО ДИГИТАЛНАТА ЕРА ГО ПРОМЕНИ СЛЕДЕЊЕТО НА МУНДИЈАЛОТ 2026

ЗАВРШИ СВЕТСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ ШТО СЕ ОДРЖА ВО САД, КАНАДА И МЕКСИКО 2026

ФИФА ЈА ТРЕСЕ МЕГА СКАНДАЛ

## ИМПРЕСУМ:

„Студентско ехо" 33
Студентско списание
Катедра по новинарство и односи со јавноста
Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев"
Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година
(основач на списанието е проф.д-р Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)

Главен и одговорен уредник:
проф. д-р Андон Мајхошев

Графички уредник и фотографија:
Александар Максимов

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

# ЗДРУЖЕНИЕТО НА НОВИНАРИ НА МАКЕДОНИЈА

# УСВОИ НОВ ЕТИЧКИ КОДЕКС

**Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), во јули 2026 година донесе нов Етички кодекс на новинарите на Македонија. Новото време кое се карактеризира со висок степен на дигитализација наметна потреба од донесување нов Етички кодекс кој ќе ја регулира новата дигитална реалност. Изминаа 25 години од донесувањето на првиот Етички кодекс на ЗНМ (2001), кој мораше да воспостави нови етички принципи на новинарската професија во услови на висок степен на дигитализација на самата професија.**

За каков Кодекс станува збор?
Кодексот е современ етички инструмент со кој се уредени основните етичките принципи на новинарската професија во кои се дадени основните насоки во извршувањето на професионалните задачи на секој новинар. Меѓу веќе традиционалните етички принципи, Новиот Кодекс ја отсликува новата дигитална реалност која бара од новинарот внимателно да се однесува/применува новата дигитална технологија. Во врска со користењето на новинарот на новата дигитална технологија во креирањето на новинарски содржини (производи, прилози) во чл. 16 стои дека "Создавањето новинарска содржина со вештачка интелигенција мора да биде јасно означено. Новинарот е целосно одговорен за точноста на информациите и интегритетот на медиумскиот производ. Неприфатливо е користење вештачка интелигенција за создавање или ширење лажни, манипулативни или суштински изменети содржини, кои можат да ја доведат јавноста во заблуда. Новинарскиот производ не смее да претставува целосно генерирана содржина од вештачка интелигенција".

www.znm.org.mk

ОД 1946

ЗНМ






КОДЕКС НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

ПРЕАМБУЛА

СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ Е НЕПРИКОСНОВЕНО ПРАВО.

Мисијата на новинарството се темели врз правото на секој човек да има пристап до информации и идеи, во согласност со Универзалната декларација за човекови права и Уставот на Република Северна Македонија.

Задача и обврска на новинарите е да ги почитуваат вистината и правото на јавноста да биде навремено и точно информирана. Одговорноста на новинарот кон јавноста има предност пред обврските кон работодавачите или која било власт.

Новинарот го штити јавниот интерес. Јавен интерес е објавување на сите информации што ќе им помогнат на граѓаните да формираат мислење и да донесат став за настани и појави во општеството, а особено кога тие се однесуваат на безбедноста, здравјето, јавната отчетност, вршењето јавни функции и заштита на правата. Новинарот треба да прави разлика помеѓу јавниот интерес и интересот на јавноста.

Новинарите се обврзуваат да ги почитуваат човековите права, етичките и професионалните стандарди, вклучувајќи:

- независно прибирање и споделување информации;
- вистинито и точно пренесување информации;
- правичност и избалансираност;
- право на коментар како новинарски жанр;

Новинарите вршат јавна дејност. Ја разбираат потребата за одговорно однесување и ќе ги негуваат културата на говор и етиката.

Новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата на граѓаните, ќе го почитуваат плурализмот на идеи и ќе придонесуваат за унапредување на демократијата, правната држава и јавната отчетност.

Новинарите ќе покажуваат меѓусебна солидарност кон колегите што се придржуваат до одредбите од овој Кодекс, како и до други документи во кои се вградени професионалните и етичките стандарди. Новинарите нема да го користат медиумот за пресметка со колегите.

ОВОЈ КОДЕКС СЕ ОДНЕСУВА НА СИТЕ ФОРМИ НА НОВИНАРСКО ИЗРАЗУВАЊЕ, БЕЗ ОГЛЕД НА МЕДИУМОТ ИЛИ ТЕХНОЛОШКАТА ПЛАТФОРМА.

CIVICA



МИЛА ТОДОРОВА

# ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ПО ТРЕТИ ПАТ СЕ СПАСИ ОД СТАВАЊЕ НА "ЦРНАТА ЛИСТА" НА УНЕСКО





Охридскиот регион по трет пат го преживеа ставањето на т.н. Црна листа на УНЕСКО поради загрозување на природното и културното наследство. Овој предизвик за Охридскиот регион датира од пред 15 години кога Реактивната мисија на УНЕСКО ги предупреди властите во Македонија да преземат мерки за заштита на природното и културното наследство на Регионот. Зачестената дискусија на годишните конференции на УНЕСКО за загрозување на светското природно и културно наследство го стави градот Охрид и целиот езерски регион на столбот на срамот. Органите на УНЕСКО ја предупредуваа државата и локалната власт во Охрид, Струга и Дебарца, а од неодамна и Албанија дека ништо не преземаат за заштитата на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, туку напротив, секоја година регистрираат нови прекршувања на принципите и насоките на УНЕСКО. Забелешките одат во насока на девастирање на природната околина за сметка на непланската изградба на нови комерцијални објекти (хотели, ресторани), атак врз природата кои се важни природни живеалишта на разни видови ендемски птици, животни и риби), несоодветно трасирање на автопатот на Коридорот 8 кој минува низ Охридскиот регион, загадување на езерските води, губење на автентичниот историски лик на градот Охрид, непланска градба во Националниот парк Галичица (хотели, ).....

На последниот состанок на УНЕСКО во јули 2026 година во Фусан, Јужна Кореја, донесена е Одлука со која ставањето на Охридскиот регион се одложува за период од 5 години, со низа препораки и насоки за постапување на надлежните органи и институции. Жителите на Охрид преживуваат голем стрес и срам што нивниот град се спомнува како негативен пример на лош однос кон културното и природното наследство.

Градоначалникот на Охрид, Кирил Пецаков, коментирајќи ја Одлуката на УНЕСКО, изјави:

-"Како локална самоуправа ќе сториме се Охридскиот регион да не се најде на Листата на природно и културно наследство во опсност. Привилегија и чест е да се биде град на УНЕСКО. Имаме доволно време за период од пет години да постапиме по насоките на Реактивната комисија на УНЕСКО"

Министерот Муцунски за надворешни работи и надворешна трговија смета дека "одложувањето на ставањето на Охридскиот регион е голема дипломатска победа на Македонија. Ги убедивме претставниците на УНЕСКО дека мора да има рамнотежа помеѓу развојот на Охридскиот регион и заштитата на светското културно и природно наследство".



Експертите за туризам сметаат дека доколку УНЕСКО го стави Охридскиот регион на Листата на природно и културното наследство во опасност, ваквата одлука може сериозно да влијае врз развојот на туризмот, односно да предизвика драстичен пад на посетеноста на странските туристи кои се значаен извор на девизен прилив во земјата.

Екологистите од Охрид сметаат дека колку повеќе се одложува ставањето на Охридскиот регион на Листата на природно и културно светско наследство во опасност, само се остава временски простор за "агресорите" да продолжат да ја девастираат природата. Исто така, тие сметаат дека дефинитивното ставање на Охридскиот регион на т.н. Црна листа на светското културно и природно наследство во опасност, ќе ги мобилизира државните и локалните институции конечно да се справат со овој предизвик. Екологистите имаат детектирано проблеми и еколошки инциденти на повеќе места како се градат големи објекти, загрозување на Студеничанското блато, палење на трски, големи градби во Националниот парк Галичица, испуштање на отпадни води во езерото сл.

Граѓаните на Охрид се песимисти дека ќе се стави крај на овој проблем. Одложувањето на проблемот само ќе ги потхрани апетитите на потенцијалните инвеститори да градат агресивно и на диво.

Што ќе се случи во наредните пет години останува времето да покаже. Фаќањето во костец со овој предизвик што побргу тоа подобро, бидејќи последиците би биле помали. Во спротивно може да се случи катастрофа, односно одвраќање на туристите, пред се странските туристи да го посетат Охридскиот регион, кој годинава бележи рекорден број на туристи, од кои повеќето се од странство.







# ПРОФ. ЕЛЕНА МАКСИМОВА ОД ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРЕСТОЈУВАШЕ ВО САД






## ИНТЕРВЈУ СО ВОНРЕДЕН ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНА МАКСИМОВА

Повод за ова интервју е престојот на проф. Елена Максимова во САД. Со какви исуства и импресии таа се врати од таму ќе откриеме/дознаеме повеќе од интервјуто кое го обавивме по нејзиното враќање. Да се престојува во САД е мотив сам по себе, бидејќи таму може да се научи и види многу, затоашто САД се секогаш центар и претходница на новите сознанија во светот во секој поглед, особено во науката, универзитетскиот живот и добрите практики.

Не случајно професорката Максимова се најде на Списокот на патници на студискиот престој во САД. Таа е млад и амбициозен научник која постојано бара нови предизвици и поседува “глад” за знаење. Оттука, можеме да кажеме дека пред неа претстои голема универзитетска кариера. Максимова постојано патува и активно е вклучена во бројни меѓународни проекти, каде како млад член на академската заедница дава голем придонес за афирмација и развој на нашата држава и Универзитетот“Гоце Делчев”-Штип. Таа континуирано гради нови мостови на зближување на академската заедница на УГД со други престижни универзитети во Европа и светот преку вмрежување и градење на партнерства.

Еден од најновите мостови што таа го изгради е токму нејзиниот престој во САД во рамките на програма за професионална размена на Стејт департментот на Соединетите Американски Држави, во која учесниците се номинираат од амбасадите на САД.

Во продолжение го даваме интервјуто во целост.

Прашање: Во јуни и јули 2026 престојувавте во САД. За каква програма станува збор?

Во текот на јуни и јули 2026 година имав исклучителна можност да бидам дел од International Visitor Leadership Program (IVLP) на Стејт департментот на Соединетите Американски Држави, една од најпрестижните американски програми за професионална и меѓународна размена. Станува збор за програма со долга традиција, во која учесниците не аплицираат







самостојно, туку се номинираат и селектираат преку американските амбасади, што за мене ја направи поканата уште позначајна.

Бев номинирана од Амбасадата на САД во Северна Македонија и избрана да учествувам во специјалното издание America Freedom 250 – U.S. State and Local Government, организирано во пресрет на одбележувањето на 250 години од американската независност. Во програмата учествуваа нешто помалку од 180 професионалци од над 80 земји, од различни области и професионални средини.

Во текот на трите недели, како претставник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и на Северна Македонија, престојував во Вашингтон, Ел Пасо во Тексас, Де Моин во Ајова и Филаделфија. Програмата ни овозможи непосредно да го запознаеме функционирањето на американската државна и локална власт, правосудството, јавното обвинителство, јавната администрација, јавната безбедност, управувањето со кризни состојби, економскиот и локалниот развој, како и различните модели на соработка меѓу институциите и заедницата.

Но, IVLP е многу повеќе од серија професионални посети. Нејзината вистинска вредност е во можноста институциите да се видат одвнатре, да се разговара директно со луѓето кои ги креираат и спроведуваат политиките и, истовремено, да се разменуваат искуства со професионалци од целиот свет. Токму таа комбинација на професионално знаење, меѓународна размена и непосредно запознавање со американското општество го направи ова искуство навистина посебно за мене.

Прашање: Како ти се најде на Листата на патници за САД? Дали имаше селекција?

Да, претпоставувам дека имаше селекција, и можеби токму начинот на кој станав дел од програмата го прави целото искуство уште позначајно за мене. IVLP не е програма на која едноставно се пријавувате со апликација. Учесниците се идентификуваат и номинираат од американските амбасади во нивните земји, врз основа на нивниот професионален профил, досегашната работа и потенцијалот за понатамошен придонес во својата област.

Во мојот случај, номинацијата дојде од Амбасадата на САД во Северна Македонија, по што следуваше процес



на селекција и конечно одобрување за учество во програмата America250 – U.S. State and Local Government. Затоа, кога ја добив информацијата дека сум избрана, чувството беше навистина посебно – не само поради можноста да поминам три недели во САД, туку пред сè поради довербата што ми беше укажана да ја претставувам својата професија, Универзитетот „Гоце Делчев“ и нашата држава во една толку голема меѓународна програма.

Би рекла дека тоа беше едно од оние професионални признанија што истовремено ве радуваат, но и ви создаваат чувство на одговорност – да ја искористите можноста максимално, да научите што повеќе и потоа стекнатото искуство да го пренесете во средината од која доаѓате.

Прашање: Што Ви понудија домаќините/организатори на патувањето од аспект на твој личен и академски развој?

Од академски аспект, програмата ми понуди нешто што тешко може да се добие само преку литература или класична академска размена – можност одблизу да видам како институциите функционираат во практиката и директно да разговарам со луѓето кои секојдневно го применуваат она што ние го изучуваме и предаваме.

За мене, како професор од областа на кривичното право, кривичната постапка и криминологијата, особено значајни беа средбите со претставници на американскиот правосуден систем. Посебен впечаток ми остави средбата со окружниот обвинител во Ел Пасо и можноста отворено да разговараме за начинот на работа на обвинителството, носењето одлуки во конкретни случаи, положбата на жртвите, јавната безбедност, но и за реалните предизвици со кои обвинителите се соочуваат. За еден универзитетски професор, таквото непосредно искуство е исклучително вредно – затоа што потоа во предавалната не пренесувате само теорија, туку и реални примери, споредбени искуства и поинакви перспективи.

Многу значајно за мене беше и сознанието колку силно во САД се поттикнува поврзувањето меѓу институциите, универзитетите, локалната власт, граѓанскиот сектор и бизнис-заедницата. Посетата на Workforce Solutions Borderplex во Ел Пасо, на пример, ми отвори сосема нова перспектива за тоа каква улога можат да имаат институциите и универзитетите во поврзувањето на образованието со пазарот на трудот и потребите на локалната заедница. Тоа е едно од искуствата од кое веќе размислувам што би можело да се адаптира и во наши услови.

Но, програмата имаше подеднакво силно влијание и на личен план. Три недели живеевме, патувавме и разменувавме искуства со луѓе од различни држави, култури и професии. Научив дека можеме да имаме различни системи, традиции и ставови, а сепак многу слични професионални и општествени предизвици. Особено ме импресионираа топлината, непосредноста и подготвеноста на луѓето што ги сретнавме да помогнат, да го споделат своето знаење и да направат нешто добро за сопствената заедница.
Затоа, ако треба да го сведам искуството на една придобивка, би рекла дека од САД се вратив со повеќе знаење како професор, но и со поширок поглед како човек. А токму таа комбинација, според мене, е најголемата вредност на една ваква меѓународна програма.
Прашање: Како учесник во програмата кое искуство би можела да го издвоиш што е важно за УГД и академската/професорската заедница на нашата земја?
Ако треба да издвојам едно пошироко искуство важно за УГД и за нашата академска заедница, тоа би било сознанието дека современиот универзитет не треба да биде затворен систем, туку активен дел од заедницата во која функционира.
Во речиси секој град што го посетивме можеше да се види колку е значајна поврзаноста меѓу универзитетите, локалната и државната власт, јавните институции, граѓанскиот сектор и бизнис-заедницата. Универзитетот таму не се перципира само како место каде што се пренесува знаење и се издава диплома, туку како партнер кој со своето знаење и истражувачки капацитет учествува во решавањето на конкретни проблеми во заедницата.
Тоа е можеби и најважната порака што ја носам за УГД. Ние како професори располагаме со знаење и истражувачки потенцијал, но неговата вистинска вредност се гледа тогаш кога ќе успееме да го пренесеме надвор од амфитеатарот – преку соработка со институциите, креирање јавни политики, истражувања што одговараат на реални општествени потреби, работа со локалната заедница и создавање можности за студентите да учат преку реални проблеми и практични искуства.
Особено инспиративен пример за мене беше посетата на Workforce Solutions Borderplex во Ел Пасо, каде што видовме како на едно место можат да се поврзат потребите на граѓаните, работодавачите, образованието и институциите. Не станува збор за модел што едноставно треба да се „препише“, туку за начин на















размислување – прво да се препознае проблемот во заедницата, а потоа различните институции заеднички да бараат решение.
Втората важна лекција е интернационализацијата. Контактот со професионалци од повеќе од 80 земји покажа колку академската мобилност и меѓународните мрежи можат да отворат простор за нови истражувања, заеднички проекти, публикации и размена на добри практики. Во денешната академска средина, универзитетот не може да се развива изолирано.
Затоа, ова искуство не го гледам само како лична професионална придобивка. Би сакала она што го научив, контактите што ги воспоставив и идеите што ги донесов да добијат продолжение и на УГД – преку студентите, колегите, нови соработки и, се надевам, конкретни иницијативи. Најголемата вредност на една ваква програма е кога искуството на еден учесник ќе стане ресурс за целата академска заедница.
Прашање: Дали и кои организации/институции пројавија интерес за соработка со УГД?
Во текот на програмата имав можност да разговарам со претставници на повеќе институции и организации за Универзитетот „Гоце Делчев“, областите во кои работиме и можностите за идна академска и професионална соработка. Во таа смисла, беа воспоставени контакти и беше искажан интерес комуникацијата да продолжи и по завршувањето на програмата.
Особено би ги издвоила контактите остварени во Ел Пасо, каде што разговаравме со претставници на локалните институции и организации, меѓу кои и Workforce Solutions Borderplex. Нивниот модел на поврзување на образованието, институциите, работодавачите и локалната заедница отвора интересен простор за размена на искуства и евентуална соработка, особено ако во иднина се развива иницијатива за адаптација на дел од тие практики во наши услови.
Интересни контакти беа воспоставени и со претставници на американската академска и професионална заедница, но и со самите учесници во IVLP од други држави. Токму тука гледам значителен потенцијал за УГД – во гостински предавања, заеднички истражувања и публикации, учество во меѓународни проекти и поврзување на наши студенти и наставен кадар со партнери од различни земји.




Сепак, би нагласила дека во оваа фаза станува збор за воспоставени контакти и взаемен интерес, а не за формализирани партнерства. За мене, следниот важен чекор е дел од тие контакти да ги претвориме во конкретни форми на соработка. IVLP заврши како програма, но мрежата што ја создаде практично допрва почнува да се развива – и верувам дека токму тука постои значајна можност и за УГД.

Прашање: Што значи твојот престој лично за тебе и твојот професионален развој?
За мене, овој престој претставува едно од највредните професионални и лични искуства досега. Ми овозможи знаењето што го стекнуваме преку академската работа да го надополнам со непосреден увид во функционирањето на институциите, но и да стекнам нови перспективи, идеи и меѓународни професионални контакти.
Истовремено, трите недели поминати со луѓе од различни делови на светот ме потсетија дека професионалниот развој не се мери само со знаење и академски достигнувања, туку и со луѓето што ги среќаваме и со подготвеноста постојано да учиме едни од други. Од САД се вратив побогата и професионално и лично, но и со многу идеи што допрва треба да се преточат во конкретни иницијативи.
Прашање: Можеш ли нешто да кажеш и нешто што не се совпаѓа со прашањата, а интересно за јавноста и УГД?
Можеби нешто што не се гледа во официјалната агенда на програмата, а мене ми остави силен впечаток, е **односот на Американците кон сопствената заедница**. На повеќе места ја почувствував таа потреба човек да ѝ „врати" нешто на средината во која живее – преку волонтерство, локални иницијативи, помагање на другите или едноставно преку активно учество во животот на својата општина. Не како нешто наметнато, туку како дел од културата на припадност кон заедницата.
Посебно искуство беше и тоа што **4 Јули го поминавме заедно со граѓаните**, меѓу семејства, пријатели, млади и повозрасни луѓе кои спонтано се собираа за заедно да го одбележат празникот. Имаше силно чувство на заедништво и припадност, а истовремено и нешто што многу ми се допадна – почитување на личниот простор и различноста на другиот. Луѓето можат да бидат дел од една огромна заедничка прослава, а сепак никој да не ви ја нарушува приватноста или чувството на лична слобода.
Тој баланс меѓу **индивидуалноста и заедништвото** можеби е едно од најинтересните нешта што ги забележав. Силно е чувството дека си дел од една заедница, град и држава, но истовремено постои и голема почит кон поединецот. Мислам дека токму од таа култура на волонтерство, граѓанска одговорност и чувство дека секој може да направи нешто добро за местото во кое живее, имаме што да научиме и ние – и како граѓани, и како универзитетска заедница.





# ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

# ДОШНИЦА 2026:

# КОГА РЕКАТА СТАНУВА ЛИНИЈА НА ОТПОРОТ



Еко-активистите повторно се враќаат на Кожуф, а битката за една од највредните речни области во Тиквешијата продолжува

На Кожуф повторно се подготвува терен за нова еколошка битка. Реката Дошница, која веќе еднаш ги обедини локалните жители, планинари, еколошки организации и граѓански активисти, во 2026 година повторно е во центарот на вниманието. Причината е продолжувањето на рокот за изградба и почеток на комерцијална работа на малите хидроцентрали „Баров Дол" и „Папрад". По оваа одлука, еко-активистите повторно најавија блокади на патот кон Дошница и порачаа дека ќе се обидат физички да го спречат внесувањето механизација во подрачјето.

За активистите, Дошница не е само водотек. Таа е природно богатство кое, според нив, треба да остане во природна состојба. Се поставува едно многу важно прашање: каде завршува правото на инвестирање во обновлива енергија, а каде започнува обврската за заштита на природата?

Што точно се планира?

На Дошница се предвидени две мали хидроцентрали – „Баров Дол" и „Папрад".

Зошто активистите се против?

Основниот аргумент на активистите е заштитата на природниот тек и екосистемот на Дошница. Тие стравуваат дека изградбата на хидроцентралите ќе предизвика промени во водниот режим, ќе влијае врз живеалиштата и ќе го наруши биодиверзитетот во областа. Особено внимание привлекува фактот што Кожуф е подрачје со значајни природни вредности. Министерството за животна средина претходно посочило дека дел од масивот е идентификуван како Емералд подрачје, додека Кожуф е препознаен и како потенцијално идно подрачје од типот Натура 2000. Оттука дискусијата за ова прашање има многу пошироко значење од прашањето за една хидроцентрала.

Активистите бараат нови студии

Во 2026 година едно од главните барања на граѓанските организации е изработка на нови и независни студии за влијанието на проектот. Во решавањето на случајот се вклучи и науката, односно 13 академици кои изградија став: доколку постои опасност од уништување на ендемски видови и природни живеалишта, проектот не треба да продолжи без дополнителни научни анализи.

Институциите меѓу концесијата и заштитата

Со овој случај надлежните институции се ставени во сложена позиција. Од една страна постои притисок од граѓаните за заштита на природата, а од друга страна постојат концесиски договори и правни обврски кои државата ги презела. Токму оваа правна и еколошка спротивставеност ја прави Дошница еден од најинтересните примери за современ еко-активизам во Македонија.

Од локален протест до граѓанско движење

Она што особено се промени во спорот за Дошница е начинот на кој граѓаните се организираат. Борбата повеќе не се сведува само на класичен протест. Во претходниот период имаше блокади, кампување, јавни собири, планинарски акции, медиумски кампањи и вклучување на академската заедница. Во 2026 година активистите веќе имаат искуство, организација и мрежа на поддржувачи. Токму затоа нивното повторно враќање на Кожуф не изгледа како изолиран протест, туку како продолжување на организирано граѓанско д вижење.

Дошница како тест за еко-активизмот

Случајот со Дошница отвора едно важно прашање за студентите и младите новинари: Дали еко-активизмот може реално да влијае врз одлуките на институциите? Одговорот можеби ќе го даде токму оваа година. Доколку активистите успеат преку јавен притисок, научни истражувања и институционален дијалог да го преиспитаат проектот, Дошница би можела да стане пример дека организираното граѓанско дејствување може да промени одлуки поврзани со природните ресурси. Но, доколку градежните активности продолжат без ново преиспитување, случајот би можел да стане пример за спротивното – дека граѓанскиот притисок, без соодветна институционална и правна поддршка, има ограничено влијание.

Што ќе се случува понатаму?

Активистите повторно се мобилизираат и се подготвуваат за можноста од внесување механизација на терен. Во исто време, нема основа да се тврди дека хидроцентралите веќе се изградени или дека проектот е конечно откажан. Спорот продолжува. И токму затоа Дошница повторно станува линија на отпорот.



# ПОЛИТИЗАЦИЈА НА СВЕТСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА САД, ДОНАЛД ТРАМП ИЗВРШИ ПРИТИСОК НА ФИФА ЗА УКИНУВАЊЕ НА СУСПЕНЗИЈА НА ФУДБАЛЕР НА САД






На светското првенство во фудбал се случи невиден скандал. Претседателот на САД, Доналд Трамп, си зеде за право да го повика телефонски претседателот на ФИФА, г-динот Џани Инфантино и од него да побара да се укине суспензијата (казната) на репрезентативецот на САД, Фоларин Балогун, кој доби црвен картон во натпреварот со БиХ. Сето ова се случуваше во пресрет на натпреварот помеѓу САД и Белгија во осмина финалето на Светското првенство. ФИФА ја укина суспензијата на Балогун и го навлече гневот на фудбалската јавност. На оваа одлука се жалеше Белгија, чија жалба беше одбиена. Ова е скандал кој за прв пат во историјата на светските првенства да се замеша висок политички функционер во работата на ФИФА за прашање кое е чисто фудбалско/спортско.

Овој потег на Трамп предизвика негативни коментари ширум светот. Коментарите во влијателните спортски кругови главно беа со чудење и неверување дека некој политички моќник (Доналд Трамп) ќе си земе право да наметнува политичко влијание во работата на Меѓународната фудбалска асоцијација – ФИФА, која по според својот Статут е независна организација.

Во целиот овој случај, кој е своевиден преседан, раководството на ФИФА потклекна на барањето на Трамп да се укине суспензијата на фудбалерот на САД, Последица на ова е барањето на другите влијателни селекции да реагираат и да бараат од Дисциплинската комисија на ФИФА да бидат симнати казните на нивните фудбалери кои имаат жолт или црвен картон (Франција на Олисех, ......Англија).

Овој скандал ќе добие сосема нова димензија и тешко е да се поверува дека оваа приказна ќе заврши со последниот судиски свиреж. Разврската на скандалот допрва престои. Можно е случајот да се пресели во дворот на ФИФА со покренување на иницијатива за предвремено разрешување на актуелното раководство на ФИФА. Времето ќе покаже.




# ТОПЛОТНИ БРАНОВИ ЈА ПАРАЛИЗИРАА ЕВРОПА





Европа во текот на летниот период 2026 година ја зафатија три топлотни бранови се соочувајќи се со еден од најинтензивните и најразорни топлотни удари во својата понова историја. Екстремните температури кои рушеа историски рекорди ширум континентот предизвикаа сериозни последици врз здравјето на граѓаните, инфраструктурата и економијата. Она што во минатото се сметаше за ретка метеоролошка појава, сега прераснува во сурова реалност која ги става на тест капацитетите на европските држави да се справат со климатските промени.

Најсилниот удар го претрпеа земјите од западна и централна Европа. Во Франција, каде властите прогласија највисоко ниво на тревога во дури педесет и осум департмани, температурата во западниот град Пуљуа достигна неверојатни 43.8 степени Целзиусови. Париз се најде на главната рута на топлотните бранови, поради што градската власт на главниот град донесе одлука за слободно капаење на граѓаните во реката Сена, односно Каналот Сен Мартин, со цел полесно да се справат со екстремно високите температури.

Германија исто така забележа историски максимум кога во гратчето Кошен на истокот од земјата беа измерени 41.7 степени. Рекорди паѓаа и во земји кои традиционално имаат посвежа клима. Велика Британија регистрираше 37.3 степени на југот, што ја принуди националната метеоролошка служба да издаде црвено предупредување за екстремна топлина три дена по ред, нешто што се случува првпат во историјата на британскиот систем за предупредување. Во источна Европа, односно во Чешка и Словачка беа измерени температури кои надминуваат 41 степен Целзиусов, предизвикувајќи шок кај локалното население.

Овој незапаметен топлотен бран остави зад себе трагични последици по човечките животи. Светската здравствена организација излезе со





алармантни податоци дека над 1.300 лица ги загубиле животите како директна последица на жештините во периодот од 21ви јуни па наваму. Генералниот директор на Светската здравствена организација, Тедрос Аданом Гебрејесус, предупреди дека топлотниот стрес е „тивок убиец", посочувајќи дека европските домови, работни места и училишта едноставно не се изградени за да издржат вакви екстремни температури. Болниците ширум континентот беа преплавени со пациенти кои бараа итна медицинска помош поради топлотен удар, дехидрација и влошување на хроничните кардиоваскуларни заболувања. Во Лондон, службата за итна помош го забележа најголемиот број повици во еден ден во целата своја историја, додека во Франција итните интервенции се зголемија за огромни педесет проценти.

Жештините предизвикаа и невиден колапс на јавната инфраструктура. Поради екстремните температури, материјалите буквално почнаа да се топат. Во германскиот град Лајпциг, градскиот превозник мораше целосно да ги укине трамвајските линии откако фугите меѓу шините и асфалтот се стопија и навлегоа во железничкиот систем, правејќи го движењето небезбедно. Во Велика Британија и Франција, железничкиот сообраќај се соочи со огромни доцнења поради ширење на металните шини и опасност од нивно извиткување. Француските нуклеарни централи мораа да го намалат производството на електрична енергија бидејќи реките Рона и Гарона станаа премногу топли за да можат ефикасно да ги ладат реакторите, што дополнително ги зголеми стравувањата за енергетската стабилност на континентот.

Овие екстремни временски услови предизвикаа огромни економски загуби. Според првичните анализи, намалената работна продуктивност поради невозможните услови за работа на отворено, особено во градежништвото и земјоделството, ќе чини милијарди евра. Туризмот, кој е витална стопанска гранка за многу јужни држави, исто така претрпе сериозен удар. Туристите масовно ги откажуваа своите резервации, барајќи засолниште во постудените северни краишта. Во Италија, пред Колосеумот во Рим, летната жештина се претвори во вистински тест за издржливост, принудувајќи многумина да бараат спас во подземните простории или покрај локалните фонтани.

Научниците од групата за Светска временска атрибуција се категорични дека ваквиот екстремен топлотен бран би бил речиси невозможен без влијанието на климатските промени предизвикани од човекот. Континуираното согорување на фосилни горива драстично ги влошува европските топлотни бранови. Податоците укажуваат дека Европа е континентот кој најбрзо се загрева, дури двојно побрзо од глобалниот просек. Стручњаците предупредуваат дека граѓаните треба да се подготват за иднина во која јунските температури редовно ќе рушат рекорди.

Секако, овој масивен топлотен бран не го заоколи ниту Балканот. Во нашата држава, како и во соседна Грција, Србија и Албанија, беа издадени портокалови и црвени метеоаларми. Жителите на Штип и останатите градови во источниот регион со денови се справуваа со пеколни температури кои достигнуваа околу четириесет степени во сенка. Земјоделците во овој крај пријавија огромни штети врз посевите поради долготрајната суша. Здравствените работници во локалната клиничка болница апелираа до повозрасните граѓани да не ги напуштаат своите домови во најтоплиот дел од денот. Брзата помош во Штип забележа рекорден број повици поврзани со колапси на јавни места. Градските власти реагираа со поставување на пунктови за бесплатна вода низ централните улици. Дополнителен проблем за граѓаните претставуваше зголемената потрошувачка на електрична енергија поради непрекинатото работење на клима уредите, што пак предизвика повремени локални прекини во мрежата. Состојбата бара поголема свесност од сите нас. Општинскиот кризен штаб апелираше да се избегнува палење оган на отворено поради екстремниот ризик од брзо ширење на шумски пожари.

Долготрајниот пеколекол во Европа е јасен сигнал дека климатската криза не е далечна иднина, туку реалност која бара итни и радикални мерки.

ACE²
EUROPEAN UNIVERSITY
Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged



# ШТРКОВИТЕ НЕИСЦРПНА ТЕМА И ИНСПИРАЦИЈА

## ВО ОПШТИНАТА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО ПОКРЕНАТА Е ИНИЦИЈАТИВА ЗА ОСНОВАЊЕ ЦЕНТАР ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ШТРКОВИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА



Општината Чешиново-Облешево е препознатлива по тоа што е дом на голема колонија на бели штркови. Поради нивната бројност, општината го доби престижниот статус "Европско село на штркови". Од година во година нивниот број постојано расте. Жителите од селата кон штрковите се однесуваат заштитнички, бидејќи тие се дел од препознатливоста на овој крај. Според пописот што во 2015 година го направи Македонското еколошко друштво, во Македонија таа година имало 817 штркови гнезда, од кои околу десет отсто биле на територијата на општината Чешиново-Облешево. Денес во селата ширум Кочанско поле се евидентирани над 220 гнезда. Пред тоа таков попис бил правен во 1958 година, кога во Македонија биле регистрирани 1.132 активни штркови гнезда. Денес се проценува дека на територијата на Република Македонија има околу 1200 штркови гнезда. Жителите од населените места каде живеат голем број на штркови во еден глас изјавуваат дека штркот е симбол на заедништво и симбиоза помеѓу човекот и природата. Штркот е суштество кое коегзистира со човекот.

Силното невреме што го зафати реонот на општината Чешиново-Облешево, освен што предизвика голема материјална штета, тоа предизвика и повреда на повеќе штркови. Локалната власт и жителите од оваа рурална општина покренаа иницијатива за основање на Центар за рехабилитација на повредените штрковите во Македонија.

• Повредените штркови од општината се носат дури во Ранковци каде едно лице се грижи за повредените штркови и по извршената рехабилитација се враќаат во природата-изјави Јорданчо Костадинов, градоначалник на Чешиново-Облешево.

Идејата на оваа иницијатива не е само да се обезбеди простор за лекување, туку да се изгради систем за згрижување на повредените птици. Освен компетенти и стручни лица (ветеринарни лекари и оринтолози) важна улога би имале НВО и жителите на општината, кои доброволно ќе се грижат за штрковите додека не закрепнат.

- Прво мора да најдеме волонтери кои сами ќе се пријават да бидат згрижувачи на штркови. За среќа, има веќе луѓе од нашата општина кои веќе имаат згрижено повредени штркови и ги чуваат се додека не закрепнат за сами да се справат со предизвиците на природата, додаде Костадинов.

Зголемената грижа на општината за штрковите датира уште од почетокот на минатиот век кога бројот на гнездата почнал постепено да се зголемува. Така, во 2012 година Општина Чешиново-Облешево поднесе барање до „Евронатур" да биде примена во Мрежата на европските села на штркови, што следната година и се случи. Од 2013 година, општина Чешиново-Облешево го доби статусот "Европско село на штркови", со што официјално влезе во Мрежата на Европски села на штркови.

• Голема опасност за штрковите претставуваат струјните удари. За да ги заштитиме нив, општината Чешиново-Облешево со ЕВН презедовме акција преку проект со поставување платформи на електричните столбови-изјави Виолета Јанева

Оринтолозите истакнуваат дека штрковите на верскиот празник Св. Пантелејмнон (08.08.) се собираат во голем број на пространите полиња и ширини каде што живеат, а на верскиот празник Макавеи (14.08.) организирано заминуваат во топлите предели во Африка и Југоисточна Азија каде што презимуваат.

Колку им значи оваа птица на жителите од општината Чешиново-Облешево покажува и фактот што на грбот на општината во 2015 година штркот ја симболизира Општината.

На овие милозливи птици им посакуваме среќно заминување во топлите краишта, но и среќно враќање на нашите простори за да им се радуваме сите заедно.



# ВОДОСТОЈОТ НА РЕКИТЕ ВО ЕВРОПА НА РЕКОРДНО НИСКО НИВО



Најголемите европски реки го достигна својот историски минимум. Во нивните корите се појавија мали острови и спрудови кои го отежнуваат речниот сообраќај. Рекордно нискиот водостој на реките предизвика низа проблеми во речниот сообраќај. Европските реки кои се меѓу најважните транспортни правци и евтин пренос на стоки, енергенси, суровини, репроматеријали и сл. за потребите на индустријата, поради серијата топлотни бранови и продолжената суша што го зафатија континентот се принудени да користат поскап алтернативнен начин за транспорт. Експертите предупредуваат дека економските последици ќе бидат сè поголеми бидејќи растечките транспортни и енергетски трошоци ја намалуваат конкурентноста на европската индустрија.

Хидролозите предупредуваат дека ваквата состојба ќе потрае подолго, бидејќи ширум Европа нема дождови кои би ја подобриле хидролошката состојба на реките. Иако во зимата падна снег над просекот на Алпите, поради климатските промени и високите температури предвреме го стопи снегот, а потоа долг период беше без врнежи. Германија има голем број на реки кои се поврзани со пловни канали низ кои се одвива динамичен речен сообраќај. Сега, поради нискиот водостој на реките, овој вид на сообраќај и низ каналите се одвива со големи потешкотии.

Најголемите реки во Европа, како што се Дунав, Рајна, Мајна, Рона, Висла и други се со историски најнизок водостој со што нивната пловност е загрозена, а на одредени релации и во целосен прекин. Поради нискиот водостој на реките, на речните дна се забележуваат потонати предмети, урнатини и бродови од периодот на Втората светска војна па и портано. Ова особено се забележува по течението на Дунав во близина на Гердапската клисура, каде можат да се видат повеќе потонати бродови кои датираат од Втората светска војна и се дел од Дунавската флота на Германската армија која се повлекувала од Црното море.

Рекордно низок водостој е измерен и на реката Рајна која важи за една од најважните европски транспортни артерии. Властите во Германија не очекуваат целосен прекин на пловидбата, туку товарот се распоредува на повеќе пловила за да можат да пливаат низ плитките делови на реката.

Експертите предупредуваат дека комбинацијата од исклучително високите температури и нискиот водостој создава поволни услови за развој на бактерии во коритата на реките, па затоа властите препорачуваат забрана на капаење. Хидролозите и метеоролозите сметаат дека ваквата состојба ќе потрае до крајот на август, кога во Европа се очекува да паднат обилни количини дождови.

Реката Дунав кој со својата должина од 2840 км. минува низ 11 европски држави е многу важна река од енергетски, сообраќаен, економски и комуникациски аспект на сите Подунавски земји. Речниот сообраќај во поедини држави целосно е стопиран или пак сообраќаат мали бродови на кратки релации. Крузерите кои порано пловеа по целото течение на реката, денес тие се закотвени во големите градови и чекаат раст на водостојот. Ваквата состојба зададе удар и на туризмот во сите држави низ кои минува Дунав.Експертите предупредуваат дека Европа ќе се соочува со се почести вакви кризи.

Покрај транспортот, сушата сериозно го погодува и енергетскиот сектор. Ниските нивоа на водата и високите температури ја ограничуваат работата на нуклеарните електрани во Франција, Унгарија и Романија, бидејќи нема доволно вода за ладење на реакторите. Унгарија привремено ја затвори својата единствена нуклеарна централа, со што остана без околу 40 проценти од домашниот капацитет за производство на електрична енергија и беше принудена да го зголеми увозот. Нискиот водостој драстично го намали производството на електрична енергија, што во некои држави резултира со зголемување на цената на електричната енергија На пример во Франција цената на ел. енергија се зголеми за 22%.

Научниците предупредуваат дека без значително намалување на употребата на фосилните горива, ваквите суши и екстремни горештини ќе стануваат сè почести и поразорни за европската економија и животната средина.



ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY
Applied Connected Entrepreneurial & Engaged

SANTARÉM POLYTECHNIC UNIVERSITY · Lietuvos inžinerijos kolegija · LATVIAN ACADEMY OF CULTURE · GOCE DELCEV UNIVERSITY · MEDICAL UNIVERSITY OF GDAŃSK · KÄRNTEN University of Applied Sciences · UFV Universidad Francisco de Vitoria · Technische Hochschule Ingolstadt

ИЛИЈА ЈАНЕВ




# НОВАТА АЛАТКА ШТО ГО МЕНУВА НАЧИНОТ НА УЧЕЊЕ




Во последните неколку години, вештачката интелигенција стана дел од секојдневниот живот, а една од најпознатите алатки е ChatGPT. Развиен од компанијата OpenAI, ChatGPT им овозможува на корисниците преку разговор да добијат информации, објаснувања, идеи и помош при различни задачи.

Компанијата OpenAI е основана во 2015 година со цел да развива напредни и безбедни системи за вештачка интелигенција. Во ноември 2022 година беше претставена првата јавна верзија на ChatGPT, која за кратко време привлече милиони корисници низ светот. Денес платформата е достапна на повеќе јазици и секојдневно ја користат ученици, студенти, професори, новинари, програмери и професионалци од различни области.

ChatGPT функционира така што ја анализира пораката на корисникот и создава одговор на природен јазик. Освен што одговара на прашања, може да објасни сложени поими, да сумира текстови, да помогне при пишување семинарски работи, да преведува, да генерира идеи и да асистира при програмирање. Во зависност од верзијата, може да анализира и слики, документи и други видови содржини.

За студентите, ChatGPT претставува корисен асистент во секојдневното учење. Може да помогне при подготовка за испити, да објасни лекции на едноставен начин, да предложи структура за семинарска работа или да помогне при проверка на правописот и стилот на пишување. Сепак, професорите советуваат оваа алатка да се користи како дополнителна помош, а не како замена за самостојното учење и критичкото размислување.

Со развојот на технологијата, вештачката интелигенција сè повеќе се применува во образованието, медиумите, здравството, бизнисот и науката. ChatGPT е само еден пример за тоа како современите технологии можат да ја олеснат работата и учењето, но истовремено потсетува дека секоја добиена информација треба да се провери од релевантни и доверливи извори.

За многу студенти, ChatGPT веќе претставува секојдневна алатка која заштедува време, помага во разбирањето на материјалот и го поттикнува истражувањето. Начинот на кој ќе се користи, сепак, зависи од самиот корисник и од неговата способност технологијата да ја искористи одговорно и етички.

**ОВОЈ ТЕКСТ Е КРЕИРАН СО ПОМОШ НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА**



МАРИЈА ЧОЛАКОВА

# БЕЛАСИЦА СО НОВА ТУРИСТИЧКА ПРИКАЗНА

## ШТО СЕ ПОДГОТВУВА ЗА ВОДОПАДИТЕ И МОКРИНСКИТЕ ИЗВОРИ?



По падините на планината Беласица, во селото Смоларе, природата со години го чува бисерот кој го краси струмичкиот крај-Смоларскиот водопад. Бистрата вода на реката Ломница се спушта низ карпестиот терен и зеленилото на планината, дополнително разубавувајќи го местото кое со децении наназад привлекува посетители од целата земја, но и од соседните држави. Денес, приказната за Смоларскиот водопад не е само приказна за природната убавина. Во последниот период се најавуваат и планираат нови инфраструктурни инвестиции кои ќе имаат за цел да го подобрат пристапот до самиот локалитет и секако да влијаат врз понатамошен развој на туризмот во овој дел од Општина Ново Село.

Најновите најави нѝ информираат дека инвестициите се состојат во поставување нова метална платформа пред водопадот за да се подобри пристапниот пат. Ова ќе биде особено значајно бидејќи старата платформа беше опожарена од непознати сторители.

Според информацијата објавена од локалниот медиум „Дрнка“ во април 2026 година, за пристапот и уредувањето на Смоларскиот водопад се планираат речиси 100 илјади евра. За асфалтирањето на патот до скалите на водопадот се обезбедени средства преку Светска банка, додека за новата платформа се обезбедени средства од унгарскиот заем.

Подобриот пат треба да овозможи полесен и побезбеден пристап за посетителите додека новата платформа повторно ќе создаде уредно место за набљудување на водопадот.

Плановите за Смоларскиот водопад се пошироки од самата платформа. Во официјалните документи на Општина Ново Село се наведуваат активности за поправка на оштетените огради, интервенции на патеката, расчистување на вегетацијата како и поставување нови информативни табли и патокази.

Предвидена е и нова пешачко-рекреативна патека во должина од околу 1.500 метри, која би го носела името „Патека на костенот“. Поради тоа што костенот е едно од препознатливите богатства на Смолари и Беласица, костеновите шуми се карактеристични за овој крај и се дел од локалната традиција, па името е симбол којшто ја поврзува природата со убавината и историјата на Смолари. Во пошироките планови се предвидуваат и клупи, излетнички маси, корпи за отпадоци, туристичка сигнализација, паркинг-простори како и места за велосипеди.

Инвестиции се планирани и кај Колешинскиот водопад, каде што е предвидена реконструкција на постојната платформа, но и уредување на летниковците и патеката која води до водопадот. Целта е да се подобри просторот за посетителите особено во периодите кога локалитетот е најпосетен.

Во плановите се опфатени и Мокринските извори, уште една природна атракција која ја краси Беласица. За планираните активности се најавени околу 380 илјади денари, средства со кои треба да се уреди и подобри просторот околу изворите.

На овој начин, идејата е Смоларскиот и Колешинскиот водопад, Мокринските извори да претставуваат една поширока туристичка целина која вреди да се посети под небото на Беласица. Посетителите би можеле во текот на една посета да ги обиколат повеќето локации, да пешачат по патеките на Беласица и секако да поминат повеќе време во природата.

Ваквата идеја за инвестирање би можела значително да придонесе за развој на руралниот туризам во селата под Беласица, бидејќи поголемиот број посетители создава можности за локалното население преку угостителство, сместување и продажба на домашни и традиционални производи.


УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ШТИП
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“
ШТИП
www.ugd.edu.mk

## СВЕТСКИ ФИЛМСКИ ПРИКАЗНИ ПОД СТРУМИЧКОТО НЕБО

# ЗАВРШИ 21. "АСТЕРФЕСТ"






Пет августовски вечери, десетици филмски приказни и една иста адреса-струмичкиот Амфитеатар. Со проекцијата на наградените филмови заврши 21 издание на „Астерфест", фестивалот кој со малку магија ја претвора убавата Струмица во мала филмска престолнина на авторскиот филм.

Оваа година по мотото „Со отворени очи" од 4 до 8 август Струмица беше посетена од филмски автори, уметници и публика од различни страни на светот. Во натпреварувачката програма беа прикажани дваесетина краткометражни остварувања, додека ревијалната програма понуди средби со различни филмски поетики-од современи документарни филмови до култното остварување „Жртвопринесување" на Андреј Тарковски.

Особено внимание привлече специјалната проекција на документарецот „Версус: Филмовите на Кен Лоуч" на Луиз Осмонд како и филмовите „Железна тврдина" на Митко Панов и „Филм до вжештување" на Дарко Баиќ. Со тоа Астерфест и оваа година ја потврди својата препознатлива определба кон авторскиот, краткиот и документарниот филм.

Во рамките на фестивалската програма се одржа Тивериополска филмска посета на манастирот во Вељуса, промоција на филмска литература и авторски средби со публиката. Така фестивалот се претвори и во ново руво, како повод за разговори, споделување искуства и желби помеѓу самите автори и гледачите. Во рамките на фестивалот беа доделени наградите на најдобрите филмски остварувања. Главната награда Гран при за најдобар краток филм му припадна на македонско-романскиот филм „Неми филмови" во режија на Крсте Господиновски.

Златната потковица ја освои чешко-македонско-британска копродукција „Крајолици на човештината" на Јана Хунтерова, додека Сребрената потковица му припадна на данскиот „Душа птица" на Тобијас Кампан. Бронзената потковица ја доби грузискиот филм „Земата на мажите" на Маријам Бакачо Хачвани.

Наградата „Ацо Алексов" за најдобар режисер ѝ припадна на Елвира Барбоза за францускиот филм „Франсин, исток-запад", додека наградата за најдобро сценарио „Ѓорги Абаџиев" ја освои Бранко Костески за македонскиот краток филм „Остров".

Специјални признанија добија јужнокорејскиот „Разденување" и бугарскиот „Оџачарот".

Публиката, пак со најголем број гласови го избра канадскиот „Девојчето што ронеше бисери", а нововостановената награда за најдобра женска улога „Зора Георгиева" и припадна на британската актерка Софи Томпсон за улогата во „Нешто бесмислено".

„Астерфест" основан во 2005 година низ годините прерасна во препознатлив фестивал со неговата ориентација на краткиот, документарниот и авторски филм. Во изминатите програми биле селектирани околу илјада филмови од повеќе од 60 земји.

И по 21 издание, неговата приказна продолжува.



# ПОД БЕЛАСИЦА СЕ ЖИВЕЕ ОД ПРИРОДАТА

## ПРИКАЗНА ЗА СЕМЕЈСТВАТА ОД СМОЛАРЕ





Велат дека природата секогаш била дарежлива со оние кои ја чуваат, така е и планината Беласица со селата во нејзиното подножје. Смолари е едно од највпечатливите села во струмичкиот регион познато по својот водопад низ кој се прелева бистрата вода на реката Ломница. Жителите на ова село се навикнати природата да биде дел од нивното секојдневие и важен извор на егзистенција.

За луѓето од Смолари, Беласица не е само планина која го краси селото. Таа е дел од нивниот живот, од работата и од традицијата што се пренесува од една на друга генерација. Земјоделството, собирањето шумски продукти и производството на домашни производи се занимања кои многу семејства и до ден денес ги негуваат.

Секојдневието на овие семејства најчесто започнува рано наутро затоа што работата во полето и овоштарниците бара своја жртва и многу труд, но сепак нивниот успех не зависи само од работата на самите жители, голема улога играат и временските услови.

Иако, Беласица е впечатлива по своето зелено богатство, по шумите и водите, таа крие свое природно богатство и во шумските производи најчесто костени, но и шумски јагоди, печурки, капини, шипинки, различни лековити и ароматични билки, разни чаеви како и природен мед и други пчелни производи, кои знаат да им бидат од големо значење на жителите кои ги собираат за домашни потреби или ги продаваат како дополнителен извор на приходи.

Во последните години природните убавини на селото привлекуваат сè поголем број посетители. Најголем интерес секако предизвикува Смоларскиот водопад кој поради своите природни вредности во 2006 година е прогласен за споменик на природата.

За туристите водопадот е место за посета и одмор во природа, но за локалното население тој е дел од просторот во кој се навикнати да живеат. Со развојот на туризмот се создава можност семејствата да ги понудат своите земјоделски и домашни производи, со што природното богатство станува можност за дополнителна заработка.

Смолари денес претставува симбол на поврзаност помеѓу традицијата и природата кои се тесно поврзани. Посетата на селото дава чувство на присутност во едно дамнешно време, на едно таинствено минато кое и до ден-денес Беласица вешто го крие.





# ФУДБАЛ НА „СКРОЛАЊЕ“

## КАКО ДИГИТАЛНАТА ЕРА ГО ПРОМЕНИ СЛЕДЕЊЕТО НА МУНДИЈАЛОТ 2026

Светското првенство во фудбал отсекогаш било настан кој ги празнел улиците и ги полнел кафулињата и плоштадите ширум светот, па и кај нас. Возбудата околу Мундијалот во 2026 година во Северна Америка е несомнено присутна, но доколку повнимателно ја анализираме публиката, ќе забележиме една тектонска промена. Додека повозрасните генерации сè уште резервираат маси за да гледаат цели 90 минути, младите го конзумираат најважниот споредeн работи на светот на еден сосема поинаков, фрагментиран начин. За нив, телевизискиот пренос станува секундарен екран.

Главната причина за оваа промена лежи во драстичното намалување на трпението и промената на форматот на информации на кои е навикната денешната младина. Еден фудбалски натпревар, со своите тактички надмудрувања и долги периоди без постигнат гол, честопати се перцепира како премногу бавен. Наместо тоа, вистинскиот натпревар за новите генерации се одвива на социјалните мрежи. Тие сакаат инстантна акција, динамика и возбуда која може да се консумира во рок од неколку секунди.



Ова доведе до експлозија на таканаречените „хајлајтс (highlights“ видеа. Платформите како TikTok и Instagram Reels станаа главните арени каде што се следи првенството. Еден спектакуларен дриблинг, контроверзна судиска одлука или мајсторски гол се сечат, се монтираат со трендинг музика и се споделуваат милиони пати пред натпреварот воопшто да заврши. Младите често знаат сè што се случило на теренот, без да изгледаат ниту една целосна минута од официјалниот пренос.

Паралелно со ова, се менува и самата лојалност на навивачите. Некогаш се навиваше за репрезентации и грбови, додека денес сè почесто се следат индивидуални суперсвезди. Младите се поврзуваат со личниот бренд на играчите, нивниот стил на облекување, нивните изјави и нивното присуство на интернет. Ексклузивните видеа снимени зад сцената, во соблекувалните или за време на тренинзите, честопати генерираат поголем интерес од самиот спортски настан.




Дополнителен феномен кој ја одржува врската меѓу младите и фудбалот се виртуелните игри, пред сè „Фантази“ лигите. Овие платформи им овозможуваат на навивачите да станат виртуелни менаџери, да составуваат свои тимови и директно да се натпреваруваат со своите врсници. Преку овие игри, секој корнер, секој жолт картон и секоја асистенција добива лична, статистичка важност, што ги тера младите константно да ги следат резултатите преку мобилните апликации.

Овој тренд се одразува и на локално ниво. Додека градскиот стадион зјае полупразен за време на викендите, локалните спортски обложувалници и дигиталните спортски форуми се преполни со млади кои дебатираат за статистика и трансфери. Локалните клубови кои не умеат да го дигитализираат своето присуство и да понудат кратки, привлечни видео содржини, целосно ја губат битката за вниманието на новата генерација.

На крајот, заклучокот е дека фудбалот не ја губи својата популарност, туку едноставно еволуира. Спортот денес се консумира побрзо, подигитално и поглобално. Предизвикот за спортските работници не е како да ги вратат младите пред телевизорите, туку како да ја спакуваат спортската магија во формати кои се компатибилни со екраните кои тие веќе ги држат во своите раце.





## ЗАВРШИ СВЕТСКОТО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ

# ВО САД, КАНАДА И МЕКСИКО 2026




За првпат во историјата, светското првенство во фудбал се одржа во три држави: САД, Канада и Мексико. Домаќини на натпреварите беа 16 града: 11 во САД, шест во Мексико и два во Канада. Финалето се одржа на стадионот во НјуЏерси пред 84 илјади гледачи и две ипол милијарди ТВ гледачи ширум светот. За првпат на мундијалот учеств увaa 48 репрезентации кои одиграа вкупно 104 натпревари. Турнирот започна на 11 јуни, а заврши на 19.07.2026 година со одигрување на финалето помеѓу Шпанија и Аргентина. Првенството траеше 38 дена што е најдолго досега. Свеченото отворање на мундијалот се одржа на стадионот Ацтека со настап на голем број музички звезди, меѓу кои Џенифер Лопез која ја испеа химната на првенството.



Натпреварите започнуваа со гласно одбројување на публиката на повик на главниот спикер на стадионот. Првенството започна без помпезно отворање на првенството и свечен говор на званичници. Порано свеченото отворање беше по протокол доверувано на највисок политички реперезент на државата домаќин. Бидејќи домаќини беа три држави, организаторот на првенството одлучи да нема помпезно отворање. Шампионатот започна на легендарниот стадион Ацтека во Мексико Сити со фудбалскиот натпревар Мексико-Јужна Африка, кој заврши со победа на домаќинот од 2-0.

Впечаток е дека овој мундијал беше изедначен во кој се забележа значајно напредување на фудбалот на малите нации и репрезентациите од африканскиот континент. Најпријатно изненадување приредија репрезентациите на Зеленортските острови и Курасао, кои заедно имаат околу 650 илјади жители (половина милион Зеленортските острови и околу 150 илјади Курасао). Зеленортските острови дури се пласираа и во елиминационата фаза (16 финале) и се сретна со фаворизираниот состав на Аргентина која во продолженијата загуби со 3-2. Поради успешниот настап на фудбалерите на Зеленортските острови беа пречекани со највисоки почести во својата земја. Зеленортските острови својот успех го засноваат на португалската фудбалска школа, додека на Курасао својата успешна фудбалска приказна ја засноваат на









холандската фудбалска школа.

На мундијалот беше срушен рекордот на посетеност. На 104 натпревари присуствуваа над 7 милиони гледачи што е нов рекорд на светските првенства.

Стадионот Ацтека стана познат и по тоа што на него се играни три Светски првенства (1970, 1986 и 2026) од кои и две финалиња Бразил-Италија во 1970 и Аргентина-Западна Германија во 1986 година).

Најголемо внимание привлекоа навивачите на Норвешка кои воведоа иновативен начин на навивање со имитирање на викиншки начин на веслање на трибините, кои по натпреварите се повторуваа по улиците во Норвешка и градовите кадешто играа.

Иако, натпреварите се играа во духот на фер плејот, сепак еден потег на натпреварот Белгија-Еквадор го наруши фер-плејот, бидејќи еден фудбалер го прекина давањето помош на противничкиот фудбалер, откако неговата репрезентација се најде во изгледна шанса за постигнување на гол.

Најстари и со најмногу настапи во своите репрезентации и во светот беа мега звездите Кристијано Роналдо (41) и Лука Модрич (40) кои зад себе имаат по над 200 настапи.

Светски првак стана репрезентацијата на Шпанија, победувајќи ја репрезентацијата на Аргентина со 1-0 во продолжението.

За најдобар стрелец на мундијалот е прогласен Килијан Мбапе од Франција со постигнати 10 гола од осум натпревари, а за најдобар фудбалер беше прогласен репрезентативецот на Шпанија, Родриго, кој ги одигра сите 8 натпревари. За најдобар млад фудбалер на СП, ФИФА го прогласи 19 годишниот шпанец Пау Кубарси, кој ги одигра сите осум натпревари. Шпанскиот голман Унаи Симон беше прогласен за најдобар голман на мундијалот, кој ги одигра сите осум натпревари и прими само еден гол што е рекорд за репрезентациите што станале светски прваци.

Финалето го судеше Славко Винчич од Словенија кој одлично го водеше натпреварот. Финалето му беше последен натпревар во кариерата. Откако му ја соопштија веста дека тој ќе го води финалето, тој емотивно реагираше со солзи на очите.

Овој Мундијал ќе остане запаметен и по политичките влијанија на претседателот на САД, Доналд Трамп, кој на негово барање имаше телефонски разговор со претседателот на ФИФА, Џани Инфантино, од кој побара да се укине казната од еден натпревар неиграње на фудбалерот на САД, Фоларин Балогун. ФИФА го прифати ваквото барање. УЕФА остро се спротистави на ваквата одлука на ФИФА, нарекувајќи ја неразбирлива, неоправдана и преседан. Со оваа одлука Инфантино го навлече гневот врз него од националните фудбалски федерации на Европа, особено на Фудбалската конфедерација на Белгија. Со тоа, тој си создаде проблем за неговата кандидатура за изборите на ФИФА во 2027 година.

Медалите на финалистите ги додели Доналд Трамп, кој беше неколку пати исвиркуван при влегувањето и најавата дека тој ќе ги додели медалите.

Следното СП во фудбал во 2030 година ќе се одржи во три држави: Шпанија, Португалија и Мароко.





# ФИФА ЈА ТРЕСЕ МЕГА СКАНДАЛ

Голема вистина е дека фудбалот врти огромни пари. Во последно време фудбалот е синоним за терминот фудбалска индустрија која создава огромни финансиски средства. Овој вид на индустрија се проценува дека годишно врти 200 милијарди евра.
Додека траеше СП во фудбал 2026 година, беше лансирана идеја во рамките на ФИФА да се формира нова комерцијална компанија - FIFA Forward Enterprise (FFE), и ќе продаде дел од уделите на приватни инвеститори. Ваквата контраверзна идеја предизвика тектонски поместувања и поделби во Светката фудбалска асоцијација (ФИФА). Овој проект предизвика недоверба меѓу членките на ФИФА, особено кај сите членки на УЕФА, пред се поради начинот на кој беше подготвуван, без консултации, нетранспарентно и без јасни цели. Идеен творец на оваа идеја беше претседателот на ФИФА, Џани Инфантино.
Што содржи оваа идеја? Овој концепт всушност предвидува, основање на Комерцијалната компанија (FFE), која треба да постане централен комерцијален механизам на ФИФА, со фокус на управување со правата на Светските првенства, ширење на турнирите и привлекување на надворешен капитал. Со овој концепт, комерцијалната компанија ФФЕ, е замислена како платформа за комерцијализација на највредниот спортски производ на светот-Светското првенство во фудбал.
Планот ги вклучува следните елементи: ширење на натпреварувањата во фудбал ширум светот под капата на ФИФА; привлекување на трети извори на финансирања; фокусирање на високопрофитни комерцијални проекти; потенцијално зголемување на бројот на учесниците на идните СП.
За потенцијалните инвеститори, проектот претставува ретка можност за: влегување во комерцијалната срж на најгледаниот спортски спектакл на планентата. Меѓутоа, за националните сојузи и континенталните конфедерации, ФФЕ изгледа како централизирана моќ и голема опасност за подривање на нивните континетални натпреварувања, приходи и интереси.
УЕФА прва го оспори овој концепт, односно сите 55 членки едногласно го отфрлија, и најавија ако се основа ФФЕ, УЕФА ќе ги бојкотира






сите натпреварувања што ќе ги организира ФИФА. Ваквиот потез претставува најголем институционален удар врз ФИФА во современата историја. Со ова УЕФА влезе во отворен судир со ФИФА, чиј краен исход никој неможе да го предвиди. Сепак, раководството на ФИФА попушти, објаснувајќи дека овој проект е само предлог (идеја) и дека членките ќе учествуваат на доброволна основа. Притоа се нагласува дека со проектот ќе се генерираат дополнителни 10 милијарди долари за развој на фудбалот во 211 национални сојузи. На овој проект отворено се спротивстави двајца блиски соработници на Инфантино, кои се поднесоа оставка, со што зададоа силен удар на позицијата на Инфантино. Под притисок на конфедерациите, медиумите и раководството на ФИФА, Инфантино го повлече предлогот, признавајќи дека проектот бил избрзан и предизвикал поделби кои не се во интерес на ФИФА. И покрај повлекувањето на предлогот, судбината на Инфантино е пред сериозен тест. Европа му го свртe грбот, а тоа значи дека од каде што потркнуваш и од каде ти е базата немаш поддршка. Негова изборна база е Фудбалската федерација на Швајцарија. Која, му ја откажа љубовта. Логиката на нештата упатуваат дека изборите за прв човек на ФИФА ќе биде голем предизвик за светскиот фудбал. Главна поука од овој комплициран случај е дека најмоќната спортска организација во светот не може да ги игнорира основните демократски принципи на одлучување, како што се: транспарентноста, консултациите и институционалниот баланс. За ФИФА ова е големо предупредување. Но, ова е голема победа на фудбалските конфедерации, особено на УЕФА, која енергично се спротивстави на идејата на Џани Инфантино, како и на националните сојузи кои преку колективна акција е единство покажаа дека може да се сопре амбициозен проект на моќници на ФИФА, како што е претседателот Џани Инфантино и неговите истомисленици. Што ќе се случи со судбината на Инфантино одговорот ќе го добиеме во 2027 година, кога е закажан Конгресот на ФИФА на кој меѓудругото ќе се избира претседател на ФИФА.





УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

GOCE DELCEV UNIVERSITY

ACE2 EUROPEAN UNIVERSITY

Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged